*СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНАТА ШТИП*

| Службен гласник на Општината Штип Излегува по потреба | Број 9 16 јуни 2006 година Ш т и п | ГОДИНА XLIII |
|---|---|---|

142.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ

I

Се објавува Заклучокот за прифаќање на Автентично толкување.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1834/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

143.

Врз основа на член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА АВТЕНТИЧНО ТОЛКУВАЊЕ

I

Се прифаќа Автентичното толкување на член 22 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 1/03) и член 54 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип" број 7/05) од Комисијата за статут и прописи.

Составен дел на Заклучокот е Автентичното толкување на Комисијата за статут и прописи.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1834/1
13 јуни 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

144.

По Заклучокот за автентично толкување на член 22 од Статутот на Оштината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 54 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 7/05), донесен од Советот на седницата одржана на 24 мај 2006 година под број 0701-1662/3, Комисијата за статут и прописи достави

Предлог за автентично толкување

Согласно член 22 од Статутот на Општината Штип и член 54 од Деловникот за работа на Советот на Општината Штип прописите од Советот се донесени и произведуваат правно дејство доколку за истите гласале повеќе од половината од присутните членови на Советот, или тоа значи:

- присутни 23 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 12 советници.
- присутни 22 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 12 советници
- присутни 21 советник - прописот е донесен ако "за" гласале 11 советници
- присутни 20 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 11 советници
- присутни 19 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 10 советници
- присутни 18 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 10советници
- присутни 17 совентици - прописот е донесен ако "за" гласале 9 советници
- присутни 16 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 9 советници
- присутни 15 советници - прописот е донесен ако "за" гласале 8 советници
- присутни 14 советници - прописот е донесен кога "за" гласале 8 советници
- присутни 13 советници - прописот е донесен кога "за" гласале 8 советници
- присутни 12 советници - прописот е донесен кога "за" гласале 8 советници

Во случаите кога на седницата присуствуваат 14, 13 или 12 советници прописот е донесен ако "за" гласале 8 советници што претставува 1/3 од вкупниот број членови на Советот на Општината Штип.

Комисија за статут и прописи
Претседател,
Ѓеорги Ѓеоргиев, с. р.

145.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП БРОЈ 0701-1664/1 ОД 24 МАЈ 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за неприфаќање на Решението за запирање на објавувањето на Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар"-Штип број 0701-1664/1 од 24 мај 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1835/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

146.

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПИРАЊЕ НА ОБЈАВУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП БРОЈ 0701-1664/1 ОД 24 МАЈ 2006 ГОДИНА

I

Не се прифаќа Решението за запирање на објавувањето на Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар"-Штип број 0701-1664/1 од 24 мај 2006 година, а Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар"-Штип број 0701-1664/1 од 24 мај 2006 година, се потврдува.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1835/1
13 јуни 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

147.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП БРОЈ 0701-1664/1 ОД 24 МАЈ 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за потврдување на Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар"-Штип број 0701-1664/1 од 24 мај 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1835/3
16 јуни 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

148.

Врз основа на член 51 став 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 38 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПОТВРДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТОЈБАТА ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП БРОЈ 0701-1664/1 ОД 24 МАЈ 2006 ГОДИНА

I

Се потврдува Одлуката за состојбата во Јавното претпријатие "Исар"-Штип број 0701-1664/1 од 24 мај 2006 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1835/2
13 јуни 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с.р.

149.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР"-ШТИП

I

Се објавува Одлуката за состојбите во Јавното претпријатие "Исар"-Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1664/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

150.

Врз основа на член 48 став 2 и 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен весник на Општината Штип"), Советот на Општината Штип на својата седница одржана на 24 мај 2006 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
## ЗА СОСТОЈБИТЕ ВО ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "ИСАР" ШТИП

Член 1

Градоначалникот на Општината Штип, со непреземање на благовремени мерки за распишување на јавен конкурс за избор на директор на ЈП"Исар"-Штип, го доведе претпријатието во состојба да остане без директор од 27.04.2006 година.

Член 2

Градоначалникот спротивно на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа, изврши именување на вршител на должност директор.

Член 3

Се задолжува градоначалникот врз основа на член 50 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа во рок од 8 дена да распише Јавен конкурс за избор на директор на ЈП"Исар"-Штип.

Член 4

Стручните служби на Советот да покренат постапка за поништување на Решението за именување на вршител на должноста на директор на ЈП"Исар" Штип број 08-1433/1 од 04.05. 2006 година пред Министерството за локална самоуправа и пред Републичкиот инспектор за управни работи.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1664/1
24 мај 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

151.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА КОИ МОЖАТ ДА СЕ ИСТАКНУВААТ ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ

I

Се објавува Одлуката за утврдување на местата на кои можат да се истакнуваат изборни плакати.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1836/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

152.

Врз основа на член 78 став 5 од Изборниот законик ("Службен весник на РМ", број 40/06), член 100 од Одлуката за комунален ред на Општина Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 3/99) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА МЕСТАТА НА КОИ МОЖАТ ДА СЕ ИСТАКНУВААТ ИЗБОРНИ ПЛАКАТИ

Член 1

Изборни плакати без надоместок можат да се истакнуваат по месни заедници на следните места:

**МЗ "Тошо Арсов"** на специјално изградените бетонски паноа кои се лоцирани пред црквата "Св. Никола", пред хотелот "Оаза", спроти Охридска банка и пред Трговскиот центар. На премините помеѓу влезовите од пешачката зона над "Безистенот" до ул."Ванчо Прке", преминот кај старата пошта, потпорните ѕидови на ул."Гоце Делчев" од левата и десната страна.

**МЗ "Автокоманда"** на изграденото пано на оградниот ѕид на градскиот пазар, на потпорните ѕидови на ул."Широк Дол", на потпорниот ѕид на разделното зеленило пред раскрсницата помеѓу ул."Партизанска" и "Боро Арсов".

**МЗ"Сењак"** на потпорните ѕидови на улиците: "Анте Банина","Ванчо Китанов","Сремски фронт"(пред берберница "Ицо-брицо") и "V$^{та}$ Партиска конференција"( пред број 1).

**МЗ "Брегалница"** на оградните ѕидови на Градскиот стадион, на преминот на улица "Партизанска" (подвозникот), на столбовите под зградата на ул."Борис Кидрич"(зграда Промаја), на потпорниот ѕид лево од комплексот продавници "Дујле", на потпорниот ѕид до раскрсницата "Дујле"(пред салонот за намештај "Арадан").

**МЗ "8 $^{ми}$ Ноември"** на потпорните ѕидови на ул."Енгелсова"(пред број 4 и број 37) и оградните ѕидови од Градскиот стадион.

**МЗ "Славчо Стојменски"** на ул."Христијан Карпош" на столбовите пред зградата лево од влезот во полицијата и на преминот кај црвените кули кон ул."Славчо Стојменски", на потпорниот ѕид на раскрсницата помеѓу улиците "Христијан Карпош" и "Коле Неделковски", на потпорниот ѕид на ул."Трст" (спроти продавницата за чевли).

**МЗ "Ново Село"** потпорен ѕид на ул."Крсте Мисирков"(до Центарот за зависници) и потпорен ѕид на ул."Кеј Димитар Влахов" пред црква "Св. Богородица".

**МЗ "Васил Доганџиски"** на потпорниот ѕид на ул."Вита Поп- Јорданова" до куќен број 49, на потпорниот ѕид на ул."Козјак Планина" (спроти авто сервисите), на потпорниот ѕид на ул."Тодор Коларов" (на градската болница).

**МЗ "Железничка"** во населба "Пребег" на столбовите од колективните станбени згради и потпорниот ѕид на ул."Ристо Стојков". Во населбата "Железничка" на потпорниот ѕид под фабриката за добиточна храна.

**МЗ "Три чешми"** на столбовите (шест) на подвозникот после Републичката полиција, на ѕидовите од подвозникот на влезот во населбата "Три чешми" и на подвозникот при влезот во градот од Скопје.

Член 2

Одделението за комунални дејности на Општина Штип, по објавувањето на утврдените листи за кандидати за пратеници во Собранието на РМ односно членови на Советот на Општината или кандидат за претседател на РМ односно градоначалник ( во понатамошниот текст: барател), ќе изврши одбележување на местата од член 1 на оваа Одлука.

Доколку местата од член 1 на оваа Одлука не ги задоволуваат барањата на барателите, Одделението за комунални дејности на Општина Штип ќе определи дополнителни места и ќе ги утврди и објави условите за добивање право за користење на овие места.

Член 3

Барањата за истакнување изборни плакати се доставува до Одделението за комунални дејности на Општина Штип, кое врз основа на истото издава одобрение со прецизно назначување на местото за истакнување на плакати.

Член 4

Плакати може да се истакнуваат на станбени или други приватни објекти и на објекти на правни лица со претходна согласност (одобрение од сопственикот на објектот).

Барањето за истакнување на плакати во објектите од став 1 заинтересираните странки го доставуваат директно до одговорните лица на посочените објекти, а висината на надоместокот ја утврдуваат со меѓусебен договор.

Член 5

Непридржувањето кон Одлуката за утврдување на местата на кои може да се истакнуваат изборни плакати подлежи на казнените одредби и казни предвидени со Изборниот законик.

Член 6

Надзорот над спроведувањето на оваа Одлука ќе го врши општинската комунална инспекција.

Член 7

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на местата на кои можат да се истакнуваат изборни плакати ("Службен гласник на Општината Штип", број 5/98).

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип ".

Број 0701-1836/1
13 јуни 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

153.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2006 ГОДИНА - "ДЕН НА КУЛТУРАТА ВО 2006 ГОДИНА"

I

Се објавува Одлуката за учество на Општината Штип во финансирањето на Програмата од национален интерес во културата во 2006 година - "Ден на културата во 2006 година".

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1837/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

154.

Врз основа на член 2 од Годишниот договор за учество во финансирање Проект/Програма од национален интерес во културата во 2006 година од областа на музичка, музичко-сценска дејност и домови на културата, број 0307-1033 од 26 април 2004 година, член 36 став 1 алинеја 1 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општина Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНАТА ШТИП ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ВО 2006 ГОДИНА - "ДЕН НА КУЛТУРАТА ВО 2006 ГОДИНА"

Член 1

Во финансирањето на Програмата од национален интерес во културата во 2006 година - Ден на културата во 2006 година, Општината Штип ќе учествува со 50.000,00 денари.

Средствата од став 1 на овој член ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Штип за 2006 година ставка 44217 - Културно уметнички манифестации.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1837/1<br>
13 јуни 2006 година<br>
Ш т и п

Претседател<br>
на Советот на Општината Штип,<br>
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

155.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЦЕНТАРОТ-ОПШТИНА ШТИП

I

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од центарот-Општина Штип.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1838/2<br>
16 јуни 2006 година<br>
Ш т и п

Градоначалник<br>
на Општината Штип,<br>
Панде Сарев, с. р.

156.

Врз основа на член 22 и член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ", број 51/05) и член 21 точка 7 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД ЦЕНТАРОТ-ОПШТИНА ШТИП

### Член 1

Се утврдува Нацрт-Деталниот урбанистички план за дел од центарот-Општина Штип според урбанистичката документација изготвена од ЈП "Штип-проект"-Штип со тех. број 23/05.

### Член 2

Нацрт-Планот од член 1 на оваа Одлука содржи:

- Текстуално образложение
- Графички прилози според законските одредби
- Одредби за реализација на урбанистичката документација
- Стручна ревизија на урбанистичката документација
- Одговор на стручна ревизија

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1838/1
13 јуни 2006 година
Штип

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

157.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

### I

Се објавува Одлуката за дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општината Штип за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1839/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

158.

Врз основа на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2006 година ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/06) и член 21 точка 8 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2006 година ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/06) во точка 3.3. "Доградба и изградба на постојните легално изградени објекти" во став 1 после зборот "објект" се додаваат зборовите "и за ново изградени зголемени површини во внатрешноста на објектот (нови галерии, еркери, излози, испусти ...).

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1839/1
13 јуни 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с.р.

159.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ

ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП
ЗА 2006 ГОДИНА

I

Се објавува Одлуката за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2006 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1840/2
16 јуни 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

160.

Врз основа на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2006 година ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/06) и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ШТИП ЗА 2006 ГОДИНА

Член 1

Во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2006 година ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/06), после точка 10 се додава нова точка 11 која гласи:

- "Измена и дополнување на ДУП за населба "Баби" со опфат до 3,0 ха на улица "Лески" дел од урбана единица 47".

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1840/1
13 јуни 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

161.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КОМУНАЛЕН НАДОМЕСТОК НА БРЕГАЛНИЧКАТА ЕПАРХИЈА

I

Се објавува Одлуката за ослободување од комунален надоместок на Брегалничката епархија.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1841/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

162.

Врз основа на член 48 став 3 и член 21 точка 35 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД КОМУНАЛЕН НАДОМЕСТОК НА БРЕГАЛНИЧКАТА ЕПАРХИЈА

Член 1

Брегалничката епархија за изградба на храмот "Свети Климент Охридски и Света Петка" во населба "Сењак" во Штип, се ослободува од плаќање комунален надоместок во целост.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1841/1
13 јуни 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

163.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

I

Се објавува Одлуката за давање под закуп на деловен простор.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1842/2
16 јуни 2006 година
Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,
Панде Сарев, с. р.

164.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 8 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР

Член 1

По основ на Решение на Владата на Република Македонија број 23-257/122 од 8 февруари 2000 година ("Службен весник на РМ", број 15/00), Општина Штип е сопственик на деловен простор во с. Долани-училишна зграда во с. Долани со површина од 126м$^2$ и двор 1.097м$^2$ евидентирано во Поседовен лист 42 на КП. 395. Училиштето е неактивно.

Член 2

Општината Штип го издава деловниот простор опишан во член 1 на оваа Одлука за период од 5 години, со исклучителна намена како магацински прсотор.

Член 3

Почетната цена на закупнината изнесува 1.000,00 денари месечно. Средствата од закунината ќе се плаќаат на сметка на Месната заедница "Долани".

Член 4

Издавањето под закуп ќе се изврши по пат на јавно огласување со јавно наддавање.

Со кандидатот кој ќе понуди најповолна цена Општината Штип ќе заклучи Договор за закуп.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 0701-1842/1
13 јуни 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

165.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ
ПОД ЗАКУП НА ГРАДСКИОТ БАЗЕН

I

Се објавува Одлуката за давање под закуп на Градскиот базен.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1843/2
16 јуни 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

166.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“, број 5/02) и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општината Штип („Службен гласник на Општината Штип“, број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ГРАДСКИОТ БАЗЕН

Член 1

По основ на решение на Владата на Р. Македонија број 23-257/122 од 08.02.2000 година („Службен весник на РМ“, 15/00), Општина Штип е сопственик на градскиот базен евидентиран во Поседовен лист број 2027 на КП. број 1795.

Член 2

Општината Штип го издава градскиот базен под закуп со површина од 1.100 $м^2$, туш кабини со површина од 170 $м^2$ и корисна површина околу базенот 2.200 $м^2$ за период од 3 години, а експлоатацијата и закупнината се однесува на летната сезона од 3 месеци.

Член 3

Почетна цена на закупнината изнесува 46.000,00 денари за една летна сезона, односно за периодот од 15 јуни до 15 септември. Средствата од закупнината ќе се плаќаат на трезорската сметка на Општината Штип.

Закупнината ќе се плаќа за секоја сезона однапред, но најдоцна до почетокот на сезоната на сметката на закуподавачот.

Доколку закупувачот продолжи да го користи објектот за комерцијални цели и по завршување на летната сезона ќе плаќа закупнина во износ од 15.330,00 денари месечно.

Општината Штип го задржува правото да го користи градскиот базен за верскиот празник „Богојављение-Водици“ еден ден.

Член 4

Трошоците за потрошена вода, електрична енергија и ѓубрарина се на товар на закупецот.

Член 5

Издавањето под закуп ќе се изврши по пат на јавно огласување со јавно наддавање.

Со кандидатот кој ќе понуди најповолна цена Општината Штип ќе заклучи договор за закуп.

Член 6

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општината Штип.

Број 0701-1843/1
13 јуни 2006 година
Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,
прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

167.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

I

Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

Број 08-1844/2
16 јуни 2006 година

Ш т и п

Градоначалник
на Општината Штип,

Панде Сарев, с. р.

168.

Врз основа на член 21 точка 25 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03) и член 2 од Правилникот за критериумите и постапката за реализација на трансвери до здруженија на граѓани, поединци, фондации, наменски дотации и еднократна парична помош на физички лица ("Службен гласник на Општината Штип", број 2/06), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Член 1

Од Буџетот на Општината Штип за 2006 година се доделува финансиски средства на:

1. Арсов Оливер за учество на Меѓународен натпревар во Нови Сад - 10.000 денари.
2. Роберто Поп-Димитров и Кире Јакимов за организирање на фестивалот "Исарчиња" - 15 000 денари **или** да се плати фактурата за користење на салата во Домот на културата.
3. Организационен одбор на Средношколските олимписки игри Гимназијада - Штип 2006 - 30 000 денари.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општината Штип".

Број 0701-1844/1
13 јуни 2006 година

Ш т и п

Претседател
на Советот на Општината Штип,

прим. м-р Илчо Захариев, с. р.

169.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), донесувам

# Р Е Ш Е Н И Е
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ОД 01.01.-31.12.2005 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип од 01.01.-31.12.2005 година.

II

Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

| | |
|---|---|
| Број 08-1845/2 | Градоначалник |
| 16 јуни 2006 година | на Општината Штип, |
| Ш т и п | Панде Сарев, с. р. |

170.

Врз основа на член 36 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ", број 5/02) и член 21 точка 24 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општината Штип", број 1/03), Советот на Општината Штип на седницата одржана на 13 јуни 2006 година, донесе

# З А К Л У Ч О К
# ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО
# НА ЈП "ИСАР"-ШТИП ОД 01.01.-31.12.2005 ГОДИНА

I

Се усвојува Извештајот за работењето на ЈП "Исар"-Штип од 01.01.-31.12.2005 година, со следните **забелешки**:

- Во точка 1. РЕ-Водовод и канализација, точка 1.3. Селски населби, ЈП "Исар" да ги даде само податоците за тоа, каде учествувал во изградбата како инвеститор или изведувач.
- Во точка 2. РЕ-Комунална хигена во последниот пасос да се прецизира дека 10 пластични контејнери се доделени на Општината Штип како донација од Министерството за животна средина.
- Во точка 3. РЕ-Паркови и зеленило, алинеата, редовни активности на стадионот "Брегалница" не се совпаѓа со фактичката состојба.
- Во точка 5. РЕ-Погребна служба не се задржани на програмските активности туку на други вонпрограмски активности.

II

Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Штип".

